КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1341/3
22.09. 2023 год.
СКОПЈЕ

*Република Северна Македонија*
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 42 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19 , 18/20 И 279/20) и врз основа член 15, точка 22 од од Статутот на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија, Управниот одбор на седницата одржана на 22.09.2023 година донесе

# УПАТСТВО

## за работа на Комисијата што врши потврдување на овластувањето на странско физичко лице во РСМ

### Член 1

Со ова Упатство се утврдува составот, начинот и постапката за избор на членови на Комисијата што врши потврдување на овластувањето на странско физичко лице, архитект или инженер, (во натамошниот текст: Комисијата) за работа на проектирање, ревизија на проекти, надзор над изградба на градби и раководење со изградба на градби во Република Северна Македонија; постапката за утврдување дали овластувањата на странските лица соодветствуваат со овластувањата утврдени и пропишани во Закон за градење и предлага упис во електронскиот именик што го води Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората), како и начинот на работа и одлучување на Комисијата.

### Член 2

Комисијата што врши потврдување на овластувањето на странско физичко лице во Република Северна Македонија ја формира Претседателот на Комората во рок од 7 работни дена од приемот на Барањето (обр.1) заедно со Формуларот (обр.2), архивски заверено во архивата на Комората, со Решение на пропишан образец (обр.3).

Комисијата од став 1 на овој член е составена од 5 (пет) члена кои имаат активни овластувања согласно Законот за градење.

### Член 3

Комисијата од член 2 е составена од Претседател на Комисија и 4 (четири) членови на Комисијата. Во Комисијата учествуваат раководители на професионалните одделенија или нивна соодветна замена. За претседател се назначува раководителот на соодветното одделение од струката на барателот.

### Член 4

Комисијата одлучува со мнозинство на гласови од членовите и донесува Решение (обр.5), кое го потпишува Претседателот на Комисијата и во писмена форма го доставува до Претседателот на Комората. Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Комисијата.

По добивање на Решение (обр.5) потпишано од Претседателот на Комисијата, Претседателот на Комората потпишува Потврда за веродостојност на странско овластување (обр.6)

**Член 5**

Секој член од Комисијата пополнува образец во електронска форма (excel табела) со кој индивидуално се прегледува, анализира и коментира пристигнатата документација. Секој член од Комисијата е должен во рок од 5 работни денови да го врати пополнет образецот до одговорното лице во Комората. Одговорното лице во Комората ги сублимира сите податоци во една табела и го доставува до Претседателот на Комисијата. Во меѓусебна координација со претседателот на Комисијата, одговорното лице во Комората свикува состанок со сите членови на Комисијата и притоа ги доставува сублимираните податоци.

Доколку Комисијата на прв состанок утврди дека недостасува документ, дел од документацијата или некој документ е невалиден, Комисијата составува Запис (обр.4) за прекин на постапката и во записот прецизно наведува како апликантот да го доуреди барањето во рок од 10 работни дена.

Доколку апликантот не го доуреди барањето во определениот рок, Комисијата на следниот состанок составува Запис (обр.4) за одбивање на барањето.

Доколку апликантот го комплетира и доуреди барањето во пропошаниот рок, Комисијата составува Запис (обр.4) за одобрување на барањето. Потоа Претседателот на Комисијата врз основа на записот потпишан од сите членови на Комисијата потпишува Решение (обр.5) за веродостојност на овластувањето што го доставува до Претседател на Комора.

Претседател на Комора на основа на целокупна претходна документација и потпишано решение за веродостојност на овластувањето, потпишува Потврда за веродостојност на странско овластување (обр.6).

**Член 6**

Потребните документи за аплицирање, како и обрасците кои задолжително се користат во постапката за потврда на странски овластувања, се пропишани и се дадени како прилог на ова Упатство.

**Член 7**

Барањата за потврдување на овластување на странско физичко лице во Република Северна Македонија до Комората се доставуваат прво во електронска форма на адресата на назначена на веб-страницата на Комората, а потоа и во хартиена форма во архивата на Комората.

Одговорното лице во Комората ги прима барањата, врши проверка на веродостојност на електронската со хартиената форма на доставената документација.

Барањето на апликантот добива архивска заверка откако ќе биде верификувана комплетноста на документацијата. Потоа се доставува до Комисијата на разгледување.

**Член 8**

Комисијата е должна во рок од 25 работни денови од денот на заведувањето на предметот во архивата на Комората да го прифати или одбие барањето од апликантот .

**Член 9**

Барање за потврда на странско овластување чини 200 евра за секое поднесено барање, а годишната членарина изнесува 450 евра по лице.

При аплицирање, уплатата за потврда на странското овластување во Комората на овластени архитекти и овластени инженери се врши на уплатница ПП 30, на следната жиро сметка: 250 001 002 332 248 – Шпаркасе Банка со цел на дознака "потврда на странско овластување за *<име и презиме на барателот>"*.

Средствата за годишната членарина од 450 евра за потврда за странско овластување на барателот се уплаќаат откако барателот ќе биде информиран дека барањето му е одобрено, а пред подигање на Потврдата од Комората.

Важноста на потврдата за веродостојност на странското овластување е 5 (пет) години, под услов редовно да се подмирува годишната членарина.

Потврдата за веродостојност на странското овластување е валидно само со подмирена годишна членарина.

Во случај да не биде потврдено странското овластување, уплатените средства за поднесување на барање во износ од 200 евра за комисиски преглед на документите. не се враќаат на барателот.

**Член 10**

Упатството влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на веб-страницата на Комората.

**Член 11**

Со стапувањето на сила на ова Упатство, престанува да важи Упатството од 03-65 од 04.02.2014 година заедно со сите негови прилози, образци и формулари. Започнатите постапки за добивање на потврда на странското овластување пред донесување на ова Упатство ќе бидат завршени согласно одредбите од Упатството од 03-65 од 04.02.2014 година заедно со сите негови прилози, образци и формулари.

**Претседател на Комората**
М-р Кристинка Чулак

# ПРИЛОЗИ КОН УПАТСТВО

1. БАРАЊЕ за потврдување на овластување на странско физичко лице (обр.1)
2. ФОРМУЛАР со податоци за упис во Именик на Комората (обр.2)
3. РЕШЕНИЕ за формирање на Комисија за потврдување на овластување на странско физичко лице (обр.3)
4. ЗАПИС на Комисијата за потврдување на овластување на странско физичко лице (обр.4)
5. РЕШЕНИЕ за потврдување на веродостојност на овластувањата (обр.5)
6. ПОТВРДА за потврдување на веродостојност на овластувањата (обр.6)